# Статистички извештај за поштенски активности во Република Северна Македонија

ПРВО ПОЛУГОДИЕ 2022 ГОДИНА

## *СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОШТЕНСКИ АКТИВНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

***прво полугодие на 2022 година***

*Во светот кој брзо се менува, суштинската улога што ја играат поштенските услуги во обезбедувањето на правото на комуникација преку размена на пораки и стоки и испраќање пари е порелевантна од кога било. Пазарот на поштенски услуги ширум светот моментално претрпува брзи и значајни промени. Интернетот и дигиталната револуција суштински го менуваат светот на комуникациите, бизнисот и трговијата. Технолошките промени и дигитализацијата ги трансформираа потребите на корисниците, што доведе до создавање на нови производи и услуги.*

*Поштенските услуги претрпеа огромна еволуција со текот на годините, бидејќи нивната развиена поштенска мрежа, како и техничко технолошките операции во нивните рамки овозможуваат понуда на многу услуги. Затоа, границите на многу индустрии станаа уште понејасни. Поштенскиот сектор не е исклучок во овој поглед. Електронската замена на традиционалните поштенски услуги се забрзува бидејќи и корисниците и бизнис секторот ги прифаќаат и користат електронските процеси во повеќе области. И токму во овие услови на дигитална економија, поштенските услуги треба да ја модернизираат својата улога за да се приспособат на дигиталната ера. Давателите на поштенските услуги треба да понудат нови производи и услуги кои го одразуваат еволуирачкиот процес за поврзување на луѓето кои се повеќе комуницираат дигитално. Обемот на традиционалните писма се намалува, а во исто време, бројот на пакети главно поттикнат од е-трговија значително расте. Овој тренд може да продолжи и по 2022 година, така што пакетите ќе заземаат доминантен дел во поштенскиот и пакетскиот сектор.*

Согласно законските одредби, а во функција на извршување на надлежностите на Агенцијата за пошти, давателите на поштенски услуги имаат обврска за доставување на статистички податоци со пополнување на Извештај за обезбедување на поштенските услуги два пати во годината[1].

Извештајот содржи податоци за обемот и видот на пратките, подрачјето на кое се обезбедуваат поштенските услуги, бројот на вработени лица кај давателите на поштенски услуги, финансиските средства остварени од услугите, бројот на рекламации за дадениот период, капацитетот на јавната поштенска мрежа и др.

Во Статистички извештај кој е изготвен од добиените податоци за првото полугодие од 2022 година, направена е споредба на податоците со истиот период за првото полугодие од 2021 година. Основната цел на овој извештај е да се даде слика за вкупниот развој на поштенскиот сектор, дали одредени услуги имаат зголемување или намалување и ваквиот развој да се анализира од аспект на светските трендови.

## *1. Даватели на поштенски услуги*

На почетокот од 2022 година 43 даватели обезбедувале поштенски услуги, додека на крајот на првото полугодие 3 правни субјекти имаат добиено Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги , а 1 правен субјект го изгубил статусот на давател на поштенски услуги по поднесена нотификација за престанок за обезбедување на поштенски услуги.

[1] http://ap.mk/index.php/mk/formulari-analiza

Графикон 1: Број на даватели на поштенски услуги




Од вкупниот број на даватели на поштенски услуги кои работеле во првото полугодие на 2022 година пополнети Извештаи доставиле 41 даватели, кои се предмет на анализа и на овој извештај.

Табела 1: Даватели на поштенски услуги

| | 2021 година прво полугодие | 2022 година прво полугодие |
|---|---|---|
| Давател на универзална услуга –АД Пошта на Северна Македонија | 1 | 1 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар | 40 | 44 |

## 2. *Остварен обем на поштенски услуги*

Навременото и точното доставување на податоците од страна на давателите на поштенските услуги дава целосна и вистинита слика на пазарот. Ненавременото или воопшто не доставување на податоци од одредени даватели, креира недоволно точна слика за развој на пазарот, кој во одреден случај може да покаже и намалување на одредени услуги на пазарот и создавање на крива перцепција за развој на пазарот, но и за развој на одредени чинители на пазарот. Во првото полугодие на 2022 година има 4 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар кои не доставиле пополнети извештаи, заради што Агенцијата за пошти сака да укаже на можни промени при следни анализи на податоците односно при изработка на анализи во кои е опфатен подолг период, односно цела тековна година.

Табела 2: Податоци за обем на поштенски пратки

| | 2021 прво полугодие | 2022 прво полугодие |
|---|---|---|
| Пошта на Северна Македонија | 14,741,246 | 14,476,048 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар | 3,422,356 | 3,608,876 |
| **Вкупен обем** | **18,163,602** | **18,084,924** |

Како што може да се забележи имаме намалување на вкупниот обем за првото полугодие во 2022 година. Намалувањето на обемот во однос на истиот период во 2021 година изнесува околу 0,43 % .

Графикон 2. Остварен обем кај даватели на поштенски услуги



Графикон 3. Удел на даватели на поштенски услуги на пазарот




Во првото полугодие на 2022 година има зголемување на удел на пазарот на давателите на поштенски услуги на слободниот пазар за 1.12 % во однос на првото полугодие на 2021 година.

## 3. Вкупен обем на поштенски пратки кај А.Д. Пошта на Северна Македонија

Табела 3. Вкупен обем на поштенски пратки кај Пошта на Северна Македонија во рамки на универзалната услуга

| *ВИДОВИ ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ* | 2021 прво полугодие | 2022 прво полугодие |
|---|---|---|
| Вкупен обем остварен од услугите во рамките на универзална услуга | 14,583,144 | 14,286,616 |
| 1. Пратки за кореcподенција | 13,339,764 | 13,085,585 |
| 2. Мали пакети | 0 | 0 |
| 3. Директна пошта | 19,336 | 39,238 |
| 4. Пакети | 58,129 | 56,338 |
| 5. Печатени работи | 1,165,915 | 1,105,455 |
| Вкупен обем остварен од услугите надвор од универзална услуга | 158,102 | 189,432 |

Анализирајќи ги податоците во рамки на универзалната услуга се забележува опаѓање на сите услуги во рамки на универзалната услуга, а има зголемување само на директната пошта, како и на услугите надвор од универзалната услуга.

Табела 4: Вкупен обем на А.Д. Пошта на Северна Македонија




Давателот на универзалната услуга остварил намалување на скоро сите услуги, и тоа во рамки на универзалната услуга околу 2%. Пратките за коресподенција како услуга која треба да биде достапна до сите корисници, бележи опаѓање за 1,9%. Дигиталната експанзија и влијанието на поштенскиот пазар најмногу се покажува во делот на пратките за кореспонденција, и замената на пратките со електронска комуникација помеѓу корисниците.

Табела 5: Вкупен обем на пратки за коресподенција

| *Вкупен обем на пратки за коресподенција* | *13,085,585* | *100%* |
|---|---|---|
| *Писма* | *13,056,797* | *99,78%* |
| ** Вкупен обем на писма во рамките на универзалната услуга* | *10,168,089* | *77,7%* |
| ** Вкупен обем на писма до 50 грама* | *8,647,824* | *66,1%* |

Во рамки на пратките за коресподенција обичното писмо опфаќа дури 99.78 % од вкупниот остварен обем во оваа категорија, додека 66,1% се писма до 50 грама.

Табела 6: Вкупен обем на писма до 50 грама прво полугодие на 2021 година и прво полугодие на 2022 година

| | прво полугодие 2021 | прво полугодие 2022 |
|---|---|---|
| ***Вкупен обем на пратки за коресподенција*** | ***100%*** | ***100%*** |
| ***Писма*** | *99.70%* | *99,78%* |
| **** Вкупен обем на писма во рамките на универзалната услуга*** | *77.56%* | *77,7%* |
| **** Вкупен обем на писма до 50 грама*** | ***56.00%*** | ***66,1%*** |

Табела 7: Вкупен обем на А.Д. Пошта на Северна Македонија остварен во внатрешен поштенски сообраќај

| ***Внатрешен поштенски сообраќај*** | | |
|---|---|---|
| ***Физички лица*** | ***Правни лица*** | ***Вкупно*** |
| 1,013,494 | 10,587,974 | 11,601,468 |
| **8,73%** | **91,26%** | |

Графикон 4: Обем остварен во внатрешен поштенски сообраќај



Табела 8: Пратки за кореспонденција- внатрешен сообраќај

| Вкупен обем на пратки за коресподенција во првото полугодие на 2022 година | Вкупен обем на пратки за кореcподенција во внатрешен сообраќај | Физички лица | Правни лица |
|---|---|---|---|
| 13,085,585 | 10959144 | 975373 | 9983771 |
| | 83,75% | 8,9% | 91,1% |

Од вкупно остварениот обем на пратки за кореспонденција во првото полугодие на 2022 година, дури 83,75% е остварен во внатрешен сообраќај и тоа 91,1 % од правни лица.

Табела 9: Пратки за кореспонденција – меѓународен сообраќај

| Вкупен обем на пратки за кореcподенција во првото полугодие на 2022 година | Вкупен обем на пратки за кореcподенција во меѓународен сообраќај | меѓународен појдовен сообраќај | меѓународен дојдовен сообраќај |
|---|---|---|---|
| 13,085,585 | 2,126,441 | 673,763 | 1,452,678 |
| | 16,25% | 31,69% | 68,3% |

Првото полугодие на 2022 година давателот на универзалната услуга бележи намалување на обемот на пакети за околу 3% во однос на првото полугодие на 2021 година. Имајќи предвид дека поштенскиот пазар се менува како во обем, така и во понуда и користење на услуги, а се заради поголемото користење на е -трговијата и можностите кои се нудат на пазарот, давателите на поштенски услуги своето работење потребно е да го насочуваат кон услугата пакети.

Графикон 5: Вкупен обем на пакети



Вкупниот процент на обемот на пакети кај давателот на универзалната услуга во однос остварениот обем на пакети на пазарот во Република Северна Македонија во првото полугодие на 2022 година (2,720,842) е многу мал и изнесува 2,07 %.

Графикон 6: Обем на пакети 2021-2022 година прво полугодие А.Д. Пошта на Северна Македонија




## 4. Вкупен обем на поштенски пратки кај давателите на поштенски услуги на слободен пазар

Табела 10. Обем на поштенски пратки кај даватели на поштенски услуги на слободен пазар

| | 2021 прво полугодие | 2022 прво полугодие |
|---|---|---|
| *ВИДОВИ ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ* | | |
| Вкупен обем на поштенски пратки | 3,422,356 | 3,608,876 |
| 1. Пратки за кореснодeнција | 873,940 | 943,872 |
| 2. Директна пошта | 189,642 | 3,400 |
| 3. Пакети | 2,251,273 | 2,664,504 |
| 4. Печатени работи | 97608 | 500 |

Давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат зголемување на обемот за околу 5,5% и зголемување на пратките за коресподенција за околу 8%. Зголемување на пакетските услуги за 18,4 % е резултат на големата понуда на онлајн услугите и нивното користење од страна на корисниците.

Табела 11. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем обем во услугата пратки за коресподенција - 2022 година, прво полугодие




Табела 12. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголемо зголемување на обемот во услугата пратки за коресподенција - 2022 година, прво полугодие



Од вкупно остварениот обем на пратки за кореспонденција 14,029,457 пратки, давателот на универзалната услуга има остварено 93,3 %, а давателите на поштенски услуги на слободниот пазар 6.7%, што всушност укажува дека нема конкуренција на пазарот во делот на пратките за кореспонденција.

Табела 13. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем обем во услугата пакети - 2022 година, прво полугодие




Се забележува дека еден давател на поштенски услуги на слободниот пазар го има приматот во услугите и тоа како на пратките за кореспонденција, така и во услугите пакети, а сите 5 даватели оствариле 92,6% од вкупниот обем на пакети.

Од 28 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар кои работеле услугата пакети во извештајниот период, 11 од нив имаат намалување на обемот на пакети во првото полугодие на 2022 година во споредба со првото полугодие на 2021 година.

Табела 14. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголемо зголемување на обемот на услугата пакети – 2021-2022 година, прво полугодие




Табела 15. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем процент на зголемување на обемот на пратките за коресподенција во 2021 година




Во првото полугодие на 2022 година во споредба со првото полугодие на 2021 година 16 даватели на поштенски услуги имаат намалување на обемот на пратките за кореспонденција. Од 41 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар кои работат со пратките за кореспонденција, 5 даватели на поштенски услуги имаат остварено 84,43% од вкупниот обем на пратки за кореспонденција.

Поштенскиот пазар во првото полугодие на 2022 година бележи опаѓање на пратките за кореспонденција во однос на првото полугодие на 2021 во износ од околу 1,3%, но има зголемување на пазарот на пакети 17,8%.

## 5. Пратки од е-трговија и пратки со откупнина кај даватели на поштенски услуги

Со новите извештаи за обезбедување на поштенски услуги, давателите на поштенски услуги се обврзани да доставуваат податоци и за услуги од е-трговија, како и пратки со откупнина. Следејќи го движењето на пазарот забележително е дека корисниците се повеќе користат пратки од е-трговија, и ја користат услугата за кои плаќаат во моментот на приемот на пратката.

Електронската трговија одигра особено позитивна улога за давателите на поштенски услуги придвижувајќи го обемот на пратките низ нивните поштенски мрежи во време на опаѓање на обемот на писмата.

Табела 16. Е - commerce услуги кај Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар




Пратка со откупнина се врачува на примачот со претходна наплата на откупниот износ означен на самата пратка. Како пратка со откупнина може да се испрати секоја препорачана или вредносна пратка.

Табела 17. Пратки со откупнина кај Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар

| Пратки со откупнина | прво полугодие 2021 | прво полугодие 2022 |
|---|---|---|
| Писма со откупнина | 2,590 | 3,739 |
| Пакети со откупнина | 291,037 | 930,380 |

Давателот на универзалната услуга има само 21 пратки од е –трговија, додека 31.839 пратки со откупнина.

Табела 18. Број на вработени во поштенскиот сектор

| Вкупен број на вработени во поштенскиот сектор | 2021 прво полугодие | 2022 прво полугодие |
|---|---|---|
| А.Д. Пошта на Северна Македонија | 2,220 | 2,110 |
| - *Број на поштоpазнесувачи* | 686 | 648 |
| - *Договорни поштоpазнесувачи* | 33 | 78 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар | 1,442 | 1107 |
| - *Број на поштоpазнесувачи* | 564 | 548 |
| - *Договорни поштоpазнесувачи* | 139 | 137 |

Давателите на поштенски услуги имаат 1107 вработени од кои 685 поштоpазнесувачи или 61,88 %, додека давателот на универзалната услуга од 2110 вработени само 34,4% се поштоpазнесувачи.

Првото полугодие на 2022 година бележи намалување на вработени лица во поштенскиот сектор. Давателот на универзалната услуга има намалување од околу 5%, додека кај давателите на слободниот пазар има намалување од 23 %.

*Табела 19.* Точки на пристап - А.Д. Пошта на Северна Македонија

| *Точки за пристап* | *2021 прво полугодие* | *2022 прво полугодие* |
|---|---|---|
| 1. Поштенски единици за прием на поштенски пратки | 332 | 333 |
| 2. Поштенски сандачиња | 374 | 374 |
| 3. Поштенски преградоци | 6,539 | 6,539 |
| Вкупно | 7,245 | 7,246 |

Точките за пристап преку кои корисниците имаат пристап до универзалната услуга, но и на сите останати поштенски услуги, кај давателот на универзалната услуга се забележува една константа, но тоа е така и заради фактот дека намалување на точките за пристап подлежат на одредени законски постапки.

Табела 20. Точки на пристап – Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар

| *Точки за пристап* | *2021 прво полугодие* | *2022 прво полугодие* |
|---|---|---|
| 1. **Поштенски единици за прием на поштенски пратки** | 190 | 225 |
| 2. **Број на возила за обезбедување на услугите** | 698 | 971 |

Давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат постојано зголемување на точките за пристап, како во делот на единиците, така и во број на возила.

Графикон: 16 Договорни пошти, пошторазнесувачи и договорни пошторазнесувачи кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар




Само 4 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар имаат пријавено дека работат преку договорни пошти.

## 6. Финансиски податоци од обезбедување на поштенски услуги

А.Д. Пошта на Северна Македонија остварила помалку приходи (од 10,4%) во 2021 година прво полугодие во однос на 2021 истиот период, но имала поголеми расходи.

*Табела 21. Остварени приходи и расходи*

| | А.Д. Пошта на Северна Македонија (денари) | | Останати даватели на поштенски услуги (денари) | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 прво полугодие | 2022 прво полугодие | 2021 прво полугодие | 2022 прво полугодие | 2021 прво полугодие | 2022 прво полугодие | Зголемување % |
| Вкупни приходи од обезбедување на поштенски и други поврзани услуги во внатрешен и меѓународен сообраќај | 509,903,947 | 456,957,465 | 617,548,192 | 676,097,271 | 1,127,452,139 | 1,133,054,736 | **0.50%** |
| Вкупни расходи од обезбедување на поштенски и други поврзани услуги во внатрешен и меѓународен сообраќај | 640,910,593 | 675,743,965 | 554,668,524 | 537,619,228 | 1,195,579,117 | 1,213,363,193 | **1.49%** |

Приходите за првото полугодие на 2022 година кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар има зголемување од 9,5 %, а целиот поштенски сектор има зголемување на приходи од 0.5%.

Графикон 5.Приходи и расходи прво полугодие 2021/прво полугодие 2022




Графикон 6. Остварени приходи од услуги во рамки на универзалната услуга



Кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар има зголемување на приходите, па сходно тоа и зголемување на расходите.

Графикон 7: Приходи- даватели на поштенски услуги на слободниот пазар

***-најголемо зголемување на приходите 2020/2021 година***




Доколку се анализира обемот и остварените приходи се доаѓа до заклучок дека давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат зголемување на обем од 5,5 %, а имаат зголемување на приходите за 9,3%.

**Табела 23. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најмногу остварени приходи**

| **Даватели со најмногу приход** | Процент од вкупни приходи |
|---|---|
| ДХЛ | /% |
| Ин Тиме МК БПС | /% |
| Еко Логистик | /% |
| Карго Експрес | /% |
| Хелло Пост | /% |
| | **80.65%** |

*Табела 24.* **Податоци за безбедноста и рекламации на поштенски пратки**

| Рекламации | 2021 прво полугодие | 2022 прво полугодие |
|---|---|---|
| А.Д. Пошта на Северна Македонија | 458 | 273 |
| Останати даватели на поштенски услуги | 313 | 500 |

Бројот на рекламации кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар има зголемување од 59,7% во однос на 2021 година, додека кај давателот на универзалната услуга има намалување.

**Табела 25. Број на рекламации по видови на пратки**

| | Обични писма | Препорачани писма | Вредносни писма | Пакети | Вредносни пакети |
|---|---|---|---|---|---|
| А.Д. Пошта на Северна Македонија | | 272 | | 1 | |
| Останати даватели на поштенски услуги | 109 | 23 | 2 | 364 | 2 |

Давателот на универзалната услуга има најмногу рекламации за препорачани писма и тоа 99,63% корисниците рекламирале за изгубени препорачани писма, додека кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар корисниците рекламирале по основ на оштетени и изгубени пакети и тоа 56,2% од поднесените рекламации.

*Графикон 8: Рекламации А.Д. Пошта на Северна Македонија*




Бројот на рекламации кај давателите на поштенски услуги е 0,004% во однос на вкупно остварениот обем.